ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА АГЕНЦИЈА СО ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ СО ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАС ВО ЈАВНО ГЛАСИЛО

**ИЗВЕДУВАЊЕ НА ТРОДНЕВНА, ДВОДНЕВНА, ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА, НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА, ЕДНОДНЕВЕНИ ИЗЛЕТИ, ЛЕТУВАЊЕ,ЗИМОВАЊЕ И КАМПУВАЊЕ**

***[Скопје, Октомври 2023 год.]***

## Инструкции за понудувачите

**1. Предмет на договорот**

Предмет на договорот е **изведување на тродневна, дводневна, еднодневна екскурзија, настава во природа, еднодневни излети, летување,зимовање и кампување.**

Детален опис на предметот на договорот е даден во техничките спецификации во прилог на оваа тендерска документација.

Предметот на набавката е неделив .

**2. Начин на / извршување на услугите /**

Носителот на услугата е должен предметот на договорот да го реализира на следниов начин **да ја реализира услугата сукцесивно и спрема интересот на родителите и програмата за екскурзии на училиштето.**

**3. Разлики во цена (корекција на цени)**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

**4. Рок на / за извршување на услугата**

Носителот на набавката е должен да го реализира на следниов начин **да ја реализира услугата сукцесивно и спрема интересот на родителите и програмата за екскурзии на училиштето.**

**5. Начин на плаќање**

Се предвидува следниов начин на плаќање: дводневна екскурзија - 3 рати – тродневна екскурзија 3 рати и настава во природа на 5 рати,летовање 6 рати,зимовање 6 рати,камповање 6 рати. За останатите екскурзии ( излети и еднодневна ) - плаќањето ќе биде во целост по реализирањето (изведувањето). **Начинот на плаќање е задолжителен**. Секоја понуда која содржи начин на плаќање поинаков од оној утврден во оваа точка ќе се смета за неприфатлива и како таква ќе биде одбиена од страна на комисијата за прибирање на понуди.

**6. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите**

**6.1** Критериум за доделување на договорот за изведување на екскурзиите и другите слободни активности е **најниска цена**.

Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува и следниве минимум критериуми:

- да е регистриран согласно позитивните прописи во Република С. Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност;
-да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата,излетот или друга вонучилишна активност на учениците од основните училишта.
- да има успешно релизирано сопствена аражманска програма во Република Северна Македонија.
- ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца;

**6.2 Способност за вршење на професионална дејност**

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, туристичката агенција треба да достави документ за регистрирана дејност **ДРД образец** како доказ дека е регистрирана како правно лице **за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот** дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран. ДРД документот не треба да биде постар од 6 месеци. Исто така договорниот орган треба да достави **Лиценца А** за вршење на туристичка дејност издадена од Министерството за економија на РМ

**6.3. Техничка или професионална способност**

За да се квалификува како способна за извршување на предметниот договор од аспект на нејзината техничка или професионална способност, туристичката агенција треба да ги исполнува следниве минимални услови:

- ✓ Агенцијата да достави Лиценца А;
- ✓ Изјава дека ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца
- ✓ Изјава дека има или дека ќе ангажира доктор,туристички придружник за време на патувањето на групата,локален туристички водич при разгледување на сите знаменитости и посети.
- ✓ Изјава дека во цената за екскурзијата ќе бидат вклучени најмалку три оброци за децата и истите ќе бидат квалитетни и разновидни.

**Понудувачот треба со својата понуда да ги достави сите горенаведените документи во точките 6.1, 6.2 и 6.3, во оригинал или заверена копија со потпис и печат и „ Верно на оригинал „.**

**7. Изготвување и поднесување на понудите**

**7.1**. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во оваа документација, со користење на оригиналните обрасци дадени во прилог. Понудата се пишува со неизбришливо мастило и ја потпишува одговорното лице на понудувачот. Сите страници на понудата, освен за неизменетата печатена литература, ги парафира лицето кое ја потпишува понудата. Секое пишување меѓу редовите, бришење или пишување врз претходен текст важи само доколку е парафирано од лицето кое ја потпишува понудата.

**7.2.** Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:
- Образец на понуда (Прилог 1),
- Документите под точките 6.1, 6.2 и 6.3.

**7.3.** Јазик на понудата

Понудата, како и целата кореспонденција и документи поврзани со понудата кои се разменуваат со понудувачот, се пишуваат на македонски јазик со користење на неговото

кирилско писмо. Придружните документи и печатената литература кои се дел од понудата може да бидат на друг јазик, под услов да се придружени со точен превод на македонски јазик.

**7.4.** Период на важност на понудата

Периодот на важност на понудата е за учебната 2023/24 година ( односно до 31.08.2024 година) од денот на отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот. Понудите кои содржат покус период на важност од тој утврден во оваа точка од документацијата ќе бидат отфрлени како неприфатливи.

**7.5.** Запечатување на понудата

Понуда може да поднесе само понудувач кој ја има набавено документацијата од договорниот орган.

Понудувачот го приложува оригиналниот примерок во запечатен внатрешен плик кој го содржи називот на понудувачот со целосна и точна адреса.

Внатрешниот плик се приложува во запечатен надворешен плик кој:

- е адресиран со точна адреса на договорниот орган,
- го содржи бројот на огласот,
- во горниот лев агол стои ознака „Не отварај“, да не се отвора пред времето и датумот за отворањето на понудите.

Доколку сите плика не се запечатени и обележани како што се бара, договорниот орган не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на понудата.

**7.6.** Принцип на една понуда

Едно правно или физичко лице може да поднесе само една понуда, без оглед дали ја доставува поедиечно или како член на група на понудувачи. Во спротивно сите понуди во кои се јавува тоа правно или физичко лице се отфрлаат.

**8. Краен рок и место за поднесување на понудите**

8.1. Краен рок за поднесување на понудите е 12.10.2023 година во 14:00 часот, а јавното отварање на понудите ќе биде на 18.10.2023 година во 10:00 часот во ООУ Круме Кепески-Скопје.

8.2. Понудите се поднесуваат на следнава адреса: Општинско Основно училиште„Круме Кепески “ -Скопје со адреса ул.Христо Татарчев бр.46 - Скопје.

**9. Критериуми за доделување на договорот**

Критериуми за избор на најповолна понуда и доделување на договорот е најниска вкупна цена.

**10. Известување на понудувачите**

Сите понудувачи кои учествувале во постапката со барање за прибирање на понуди ќе бидат писмено известени за изборот на најповолна понуда во рок од три дена од денот на донесување на одлуката за доделување на договорот , а во прилог на известувањето договорниот орган ќе достави и примерок од одлуката.

**11. Гаранција за квалитетно извршување на договорот**

- туристичката агенција е должна во рок од 5 дена од денот на склучување на договорот за организирање на екскурзиите за учениците да му достави на училиштето банкарска гаранција за квалитетно извршување на договорот во висина од 5% од вредноста на договорот, со која безусловно се гарантира целосно, квалитетно и совесно исполнување на Договорот.

- Гаранција за навремено и квалитетно извршување на договорот му се враќа на туристичката агенција во рок од 14 дена од денот на целосното реализирање на договорот.

**11.1.** Договорна казна 20% од вредноста на понудата

**Технички спецификации:** Прилог програми за екскурзии

**12. Поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства:**
**За ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства согласни сме да dадеме гратиси(бесплатно учество на екскурзијата).**

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број ________ објавен од страна на Општинско Основното училиште „Круме Кепески “-Скопје , со барање за прибирање понуди со објавување на оглас за избор на туристичка агенција за организирање ученички екскурзии во постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, и на документацијата која ја подигнавме од договорниот орган, ја поднесуваме следнава:

П О Н У Д А

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот:

________________________________________________________________

________________________________________________________________

I.2. Контакт информации

- Адреса: ________________________________________________________
- Телефон: _______________________________________________________
- Факс: _________________________________________________________
- Е-пошта: ______________________________________________________
- Лице за контакт: ________________________________________________

I.3. Одговорно лице:

________________________________________________________________

I.4. Даночен број:

________________________________________________________________

**Дел II – Техничка понуда**

II.1.Согласни сме да ги понудиме следниве услуги:

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

________________________________________________________________

*[Во оваа точка понудувачот ги наведува услугите кои ги нуди со сите потребни технички карактеристики на истите, а во согласност со техничките спецификации дадени во документацијата.*

II.2 Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во оваа документација.

**Дел III – Финансиска понуда**

II.1. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, со ДДВ, изнесува:

| Опис на набавката | Место | Број на ученици | Единечна цена по ученик со вклучен ДДВ | Вкупно (единечна цена по ученик со вклучен ДДВ помножена со број на ученици) |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на **дводневна екскурзија** за 6то одделение согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со обезбедено седиште за секое дете | **Охрид**<br>(1 ноќевање во хотел со 3* во Охрид и со вклучени доручек, ручек и вечера за секое дете) | 85 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање на **тродневна екскурзија** за 9то одделение согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со обезбедено седиште за секое дете | **Охрид**<br><br>(2 ноќевања во хотел во Охрид со 3* и со вклучени доручек, ручек и вечера за секое дете) | 65 | | |
| Организирање на **еднодневна екскурзија** за 3-то одделение согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со обезбедено седиште за секое дете | **Дојран** | 70 | | |
| Организирање на **настава во природа за 5то одделение** согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со обезбедено седиште за секое дете | **Михајлово**<br><br>(4 ноќевања во Михајлово-Кавадарци , со вклучен доручек, ручек, ужина и вечера за секое дете) | 75 | | |
| Организирање на есенски и пролетен еднодневен излет - организирање на **превоз** со туристички автобуси климатизирани со обезбедено седиште за секое дете | Марков манастир | 700 | | |
| | Сарај | | | |
| | Катлановска Бања | | | |
| | Љубанци | | | |
| | Водно | | | |
| | Лешок | | | |
| | Дељадровци | | | |
| | Чардак | | | |
| | Кондово | | | |
| | Хиподром | | | |
| Организирање на **воннаставна активност - летување** согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со обезбедено седиште за секое дете | **Охрид**<br><br>(6 ноќевања во хотел во Охрид со 3* и со вклучени доручек, ручек и вечера за секое дете) | 60 | | |
| Организирање на **воннаставна активност - кампување** согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со | **Пониква**<br><br>(4 ноќевања во сместувачки објект на Пониква и со вклучени доручек, ручек и вечера за секое дете) | 60 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| обезбедено седиште за секое дете | | | | |
| Организирање на **вонаставна активност – зимување** согласно програмата со вклучен **превоз** туристички автобус климатизиран со обезбедено седиште за секое дете | **Крушево**<br><br>(6 ноќевања во хотел во Крушево со 3* и со вклучени доручек, ручек и вечера за секое дете) | 60 | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

***Со букви***
***Вкупната цена за научно-рекреативните дводенавна, тродневна, еднодневна екскурзија и настава во природа, еднодневни излети и вонаставни активности, летување,зимовање и кампување со вклучен ДДВ изнесува ________________________________________________________денари.***

III.2. Нашата понуда важи за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

III. 3. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација.

Место и датум　　　　　　　　　　Одговорно лице

______________________________　　　　______________________________
(потпис и печат)